UNIVERSITETI I EJL
ЈИЕ УНИВЕРЗИТЕТ
SEE UNIVERSITY

# КОНКУРС

**За запишување студенти во прва година на факултетите на Универзитетот на Југоисточна Европа во академската 2009/2010 година, според моделот на студии по циклуси**

**ПРВ ЦИКЛУС НА ДОДИПЛОМСКИ СТУДИИ**

Врз основа на член 108 од Законот за високо образование (Службен весник бр. 35/08, бр. 103/08 и бр. 26/08), Правилникот за условите и критериумите за запишување на студентите на ЈИЕ Универзитетот и врз основа на одлуката на Сенатот од 17 април 2009 година, Ректорскиот совет објавува:

## К О Н К У Р С

За запишување студенти во прва година на додипломски (тригодишни) студии на факултетите на ЈИЕ Универзитетот во Тетово во академската 2009/2010 година.

### *СТУДЕНТИ ВО ПРВИОТ ЦИКЛУС НА СТУДИ (ТРИГОДИШНИ)*

**I. Број на студенти за *редовни студии* за академската 2009/2010**

На факултетите на ЈИЕ Универзитетот во Тетово, во прва година на додипломски редовни студии, во академската 2009/2010 година ќе се запишат следниов број студенти:

**а. *Редовни студии* во Тетово**

<table>
<tr><th>факултети</th><th>Бр. на студенти со настава на албански јазик</th><th>Бр. на студенти со настава на македонски јаз.</th><th>Цена на студии (за семестар)</th></tr>
<tr><td>Правен факултет</td><td>160</td><td>50</td><td>650 €</td></tr>
<tr><td>Факултет за бизнис администрација</td><td>240</td><td>50</td><td>900 €</td></tr>
<tr><td colspan="4">Факултет за јавна администрација и политички науки</td></tr>
<tr><td>– Студии за јавна администрација</td><td>200</td><td>50</td><td rowspan="4">650 €</td></tr>
<tr><td>– Политички науки</td><td>80</td><td>-</td></tr>
<tr><td>– Студии за труд и социјална политика</td><td>30</td><td>-</td></tr>
<tr><td>- Лидерство и младинска работа во заедницата [1]</td><td colspan="2">20</td></tr>
<tr><td colspan="4">Факултет за современи науки и технологии:</td></tr>
<tr><td>- Компјутерски науки</td><td>100</td><td>25</td><td rowspan="2">900 €</td></tr>
<tr><td>- Информациски и комуникациски технологии (Компјутерско инженерство)</td><td>25</td><td>25</td></tr>
<tr><td>- Бизнис информатика [2]</td><td colspan="2">50</td><td>1000 €</td></tr>
<tr><td>- Информациски системи и менаџмент [3]</td><td colspan="2">20</td><td></td></tr>
<tr><td colspan="4">Факултет за јазици, култури и комуникација :</td></tr>
<tr><td>- Албански јазик и литература</td><td colspan="2">25</td><td rowspan="6">650 €</td></tr>
<tr><td>- Англиски јазик и литература</td><td colspan="2">100</td></tr>
<tr><td>- Германски јазик и литература</td><td colspan="2">30</td></tr>
<tr><td>- Европски јазици и студии: насока француски - германски</td><td colspan="2">30</td></tr>
<tr><td>- Применети странски јазици</td><td colspan="2">30</td></tr>
<tr><td>- Комуникациски студии</td><td>30</td><td>-</td></tr>
</table>

[1] *Програмата се реализира во соработка со Универзитетот Јончепинг –Шведска. Конкурсот за оваа студиска програма ќе биде активна од моментот на акредитација.*

[2] *Наставата ќе се одржи само на англиски јазик.*

[3] *Оваа студиска програма се развива во соработка со Лондонскиот универзитет – „Лондонскиот факултет по економија" – надворешна програма. Се работи за концептот на „двојна диплома", каде студентот се здобива со две дипломи (од Лондонскиот факултет по економија и од ЈИЕУ). Условите за упис се предвидени на посебен начин. Конкурсот за оваа студиска програма ќе биде активен од моментот на акредитација. Активната група (Тетово и Скопје) ќе се одреди по процесот на интервју за упис.*

### б. Број на студенти за *редовни студии* во Скопје[4]

| факултети | Бр. на студ. со настава на албански јаз. | Бр. на студ. со настава на македонски јаз. | Цена на студии (за семестар) |
|---|---|---|---|
| Правен факултет | 30 | 30 | 650 |
| Факултет за бизнис администрација [2] | 30 | | 1000 € |
| Факултет за јавна администрација и политички науки:<br>- Студии за јавна администрација | 40 | 30 | 650 € |
| Факултет за современи науки и технологии:<br>- Бизнис информатика [2] | 25 | | 1000 € |
| - Информациски системи и менаџмент [3] | 20 | | |
| Факултет за јазици, култури и комуникација :<br>- Комуникациски студии | - | 30 | 650 € |

## II. Број на студенти за *вонредни студии* (програма од дистанца)

На факултетите на ЈИЕ Универзитетот во прва година на додипломски студии, во академската 2009/2010 година ќе се запишат одреден број вонредни студенти- 30% од вкупниот број редовни студенти предвидени во Конкурсот, на следниве студиски програми:

### а. Број на студенти за *вонредни студии* во Тетово

| факултети | Цена на студии (за семестар) |
|---|---|
| Правен факултет | 450 € |
| Факултет за бизнис администрација | 650 € |
| Факултет за јавна администрација и политички науки:<br>- Студии за јавна администрација<br>- Политички науки | 450 € |
| Факултет за современи науки и технологии – Компјутерски науки | 650 € |
| Факултет за јазици, култури и комуникација :<br>- Англиски јазик и литература | 450 € |

### б. Број на студенти за вонредни студии во Скопје

| факултети | Цена на студии (за семестар) |
|---|---|
| Правен факултет | 450 € |
| Факултет за бизнис администрација | 650 € |
| Факултет за јавна администрација и политички науки:<br>- Студии за јавна администрација | 450 € |
| Факултет за јазици, култури и комуникација<br>- Комуникациски студии | |

**Вонредни студии според програмата од дистанца** - независни студии во согласност со универзитетските стандарди и упатства. Режимот на студии е следен:

- на почетокот на семестарот студентите имаат воведно предавање со професорите од соодветната област;
- предметите за вештини (на пр. Англиски јазик и ИТ вештини ќе се организираат со редовни предавања , еднаш во две недели, по работното време, според нивото на знаење);

---

[4] *Студентите кои ќе студираат во Скопје еден ден во неделата ќе одржуваат предавања на Универзитетскиот кампус во Тетово.*

- преку системот за електронско управување со наставата *,,Libri"* (libri.seeu.edu.mk), ќе добиваат инструкции за наставата, критериумот на оценување, потребните материјали и студентите ќе имаат можност да учествуваат на електронски форуми;
- на крајот на семестарот ќе се организира интензивен семинар со професорите на соодветните предмети.

ЗАБЕЛЕШКА: ( за дел I и II )

- Во случај да се пријават поголем број кандидадати од бројот предвиден со овој Конкурс и доколку се оцени дека тие ги исполнуваат бараните критериуми за запишување на ЈИЕУ, тогаш Ректорскиот Совет може да одлучи да прими до 10% повеќе студенти од предвидениот број од Конкурсот.
- Во случај да се пријават помалку од 20 кандидати за одредена студиска програма Универзитетот има право да не започнува со настава за соодветната студиска програма, а на пријавените кандидати да им понуди можност да се запишат на некоја друга студиска програма.
- Правилата за студирање за сите студенти се објавени во „***Збирка на правни одредби за управување и режим на студии***". Оваа збирка е достапна на веб-страницата на Универзитетот: http://www.seeu.edu.mk/macedonian/general/general.asp

## III. Услови и критериуми за запишување на редовни и на вонредни студенти

1. Право на запишување на додипломски студии имаат кандидатите со завршено средно четиригодишно образование, или образование адекватно на тоа и кои ја имаат положено државната матура.
2. Доколку во првиот уписен рок не се пополни бројот на студенти предвиден со овој Конкурс, тогаш право за запишување во вториот уписен рок, освен оние што ја положиле државната матура, имаат и кандидатите од гимназиите кои ја положиле училишната матура и кандидатите од средните професионални училишта кои го положиле државниот испит.
3. Кандидатите кои имаат завршено четиригодишно средно образование или образование адекватното на тоа пред 2008 година, имаат право да се запишат само врз основа на успехот од средно училиште.
4. Кандидатите кои имаат завршено четиригодишно средно образование или образование адекватно на тоа надвор од Република Македонија имаат право да се запишат само врз основа на успехот од средно училиште. Тие во меѓувреме треба да ги нострфицираат дипломата и свидетелствата.
5. Вреднувањето на успехот од средно образование, државната матура и од училишната матура за учениците од општите гимназии, или завршниот испит за тие што имаат завршено средно професионално училиште (за кандидатите во вториот уписен рок), се изразува во поени. Врз основа на поени ќе се изврши редоследот на примени кандидати.
6. Кандидатите се запишуваат како редовни или како вонредни студенти со финансирање на студиите.
7. Предност при запишувањето на вонредни студии ќе имаат кандидатите кои се во работен однос и кои имаат подобар успех од средното образование. Вработените треба да го документираат нивниот статус.
8. Кандидатите ќе бидат тестирани за нивните знаења за степенот на познавање на англискиот јазик, на датумот предвиден во делот IV. Ова тестирање нема елиминаторен карактер, но е потребено само за одредување на степенот на познавање на англискиот јазик.

## IV. Рокови за пријавување и запишување на редовни и на вонредни студенти

Пријавувањето на кандидатите со соодветна документација се врши од 15 јуни до 29 август 2009 година.

Сите кандидати кои ги исполниле условите предвидени во Конкурсот имаат право да се пријавуваат.

Тестирањето по англиски јазик за одредување на нивото на познавање на јазикот (што не претставува услов за запишување), ќе се организира во Универзитетот според програмата која ќе се објави дополнително веб-страницата на Универзитетот.

Кандидатите треба да ги достават сите документи наведени во делот V, во училницата 802 во Универзитетскиот кампус, или преку пошта:

Универзитет на Југоисточна Европа
Илинденска бб
1220 Тетово, Македонија
Телефони за контакт: 044 356 091.

**V. Документи за пријавување и запишување за сите кандидати**

Сите студенти кои аплицираат во академската 2009/2010 година е потребно да ја достават следнава документација:

1. Пополнет формулар (кој може да се земе во просториите на Универзитетот или преку официјалната веб-страница на Универзитетот- www.seeu.edu.mk) и уплатница (ПП10) во износ од 1500 денари

СТОПАНСКА БАНКА
Жиро сметка: 200-000877547449
Даночен број: 4028003134292

2. Лична биографија во вид на есеј. Во овој есеј треба да бидат изложени причините поради кои студентот аплицира на Универзитетот на ЈИЕ и кои се неговите/нејзините очекувања. Ова треба да биде изградено врз можноста за самоизразување, со што претставува шанса да се направи концизен и оригинален есеј кој би осветлил одредени аспекти од карактеристиките на личноста на ученикот, неговата биографија или неговите интереси.
3. Оригинална диплома за завршено средно образование (за студентите кои го имаат завршено средното образование пред 2008 година или надвор од Р. Македонија), и оригинални сведителства од сите години (или копии заверени на нотар).
4.Уверенија од резултатите од државната матура, односно од училишна матура или од завршниот испит.
5. Извод од матична книга на родени.
6. Фотокопија од лична карта или од пасош.

***Кандидатите, кои ќе аплицираат од 15 јуни до објавувањето на резултатите од државната матура и ќе ја достават документацијата наведена во точките 1, 2, 3, 5 и 6, ќе се смета дека се примени со услов, значи се здобиле со правото на резервација на место на соодветниот факултет, но конечното запишување ќе се изврши по поднесувањето на документот предвиден во точката 4.***

## VI. ПРОГРАМА ЗА СТИПЕНДИИ ЗА АКАДЕМСКАТА 2009/10 ГОДИНА

ЈИЕ Универзитетот во соработка со Институтот Отворено општество (ОСИ) - Програма за поддршка на високото образование ХЕСП, нуди околу 100 стипенди за студирање во ЈИЕУ, во првиот циклус на студии.

Стипендите кои се добиваат во првата година на студии можат да се задржат до завршувањето на првиот циклус на тригодишните студии.

### I. Програма за *стипендии врз основа на заслуга* од ЈИЕ Универзитет

ЈИЕ Универзитетот за младите студенти кои ќе се запишат на ЈИЕУ во првиот циклус на студии во академската 2009/2010 година, нуди 36 стипендии за кандидатите кои ќе се одлучат да студираат на следниве факултети:

| Факултети | Бр. на студенти со настава на албански јазик | Бр. на студенти со настава на македонски јазик | Сумата на стипендијата во евра |
|---|---|---|---|
| Правен факултет | 10 | 2 | 1.000 |
| Факултет за бизнис администрација | 10 | 2 | 1.200 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Факултет за современи науки и технологии | 10 | 2 | 1.200 |

Изборот на кандидати ќе се изврши според следниве критериуми:

- 60% успех од средно образование;
- 40% од оценката од државната матура;
- Доколку повеќе кандидати имат исти бодови на ранг-листата (од горенаведените критериуми), тогаш ќе се тестират по англиски јазик.

***Начин на пријавување***

Формуларите за пријавување може да се најдат на веб-страницата на www.seeu.edu.mk или во административната зграда бр. 802.02 од 15 јуни до 29 август 2009 во периодот на пријавување.

Документацијата треба да се достави во истиот рок до:

ЈИЕ Универзитет
Канцеларија за финансиска поддршка
Административна зграда бр. 802.02
тел: 044 356 188 / 356 044

За секоја подетална информација контактирајте само со Канцеларијата за финансиска поддршка – УЈИЕ.

**II. Програма за *стипендии според потреба за финанасиска помош* “ХЕСП”**

- ЈИЕ Универзитетот во соработка со Институтот Отворено општество (ОСИ) - Програма за поддршка на високото образование (ХЕСП), нудат околу 60 стипендии според потребата за финансиска помош на кандидатите кои ќе се одлучат да студираат на следниве факултети:

| Факултети | Број на стипендии |
|---|---|
| Факултет за јавна администрација и политички науки | околу 35 |
| Факултет за јазици, култури и комуникација | околу 25 |

**Фондот на стипендии покрива:**

- Плаќање дел од школарината - максимална сума - 1000 евра.
- Плаќање дел од трошците за транспорт- максимална сума - 600 евра.

Забелешка: Висината на стипендијата ќе зависи од потребата за финасиска помош на секој студент поединечно.

**Услови за пријавување:**

- Апликантите треба да бидат запишани како редовни студенти на ЈИЕУ.
- Апликантите треба да ја докажат нивната потреба за финансиска помош.
- Право на аплицирање имаат само кандидатите кои се државјани на Р.Македонија.
- Ќе се евалуираат само апликациите на кандидатите кои имаат најмалку 60 од 100 можни бодови од успехот од средното образование и од државната матура.

Забелешка: Предност ќе имат студентите со ограничени способности

***Начин на пријавување:***

Формуларите за аплицирање може да се најдат на веб-страницата www.seeu.edu.mk или во административната зграда бр. 802.02
Од 15 јуни до 29 август 2009 .

Документацијата треба да се достави до 29 август 2009 година до:

ЈИЕ  Универзитет
Канцеларија за финансиска поддршка
Административна  зграда бр. 802.02
тел:  044 356 188 / 356 044

За секоја подетална информација контактирајте само со Канцеларијата за финансиска поддршка – ЈИЕУ.
Ќе бидат разгледани само комплетираните апликации.

## VII. ВТОР ЦИКЛУС НА СТУДИИ - ПОСЛЕДИПЛОМСКИ СТУДИИ

**Упис на студенти во *вториот циклус на студии* (последипломски) *двегодишни студии*, според моделот 3+2 на факултетите на ЈИЕ Универзитетот во академската 2009/2010 година**

### а. *Студиски програми* во Тетово

Двегодишни студиски програми од вториот циклус на студии (последипломски студии) кои ќе се понудат во академската 2009/2010 год. на факултетите на ЈИЕ Универзитетот во Тетово се следни:

| Факултети | Цена на студии (по семестар) |
|---|---|
| **Правен факултет**<br>- Студии по кривично право<br>-Студии по меѓународно право<br>-Студии по уставно и управно право<br>-Студии по граѓанско право | |
| **Факултет за бизнис администрација**<br>- Економикс<br>- Финансии и сметководство<br>- Меѓународни економски односи<br>- Менаџмент<br>- Маркетинг<br>- Инженерство и менаџирање на проекти[5]<br>- Студии по европска економија[6] | 900 € |
| **Факултет за јавна администрација и политички науки**<br>- Јавна администрација<br>- Политички науки | |
| **Факултет за современи науки и технологии**<br>- Софтверско инженерство<br>- Менаџирање бази на податоци<br>- Менаџирање со животната средина | |
| **Факултет за јазици, култури и комуникација**<br>- Студии по англиски јазик - наставна насока<br>- Албански јазик и литература<br>- Водство и управување во образованието<br>- Медиумски стратегии | |

### б. Студиски програми во Скопје[7]

Двегодишни студиски програми од вториот циклус на студии (последипломски студии) кои ќе се понудат во академската 2009/2010 год. на факултетите на ЈИЕ Универзитетот во Скопје се следни:

| Факултети | Цена на студии (по семестар) |
|---|---|
| **Правен факултет**<br>- Студии по меѓународно право | |
| **Факултет за бизнис администрација**<br>- Менаџмент,<br>- Инженерство и менаџирање на проекти[5] | 900 € |
| **Факултет за јавна администрација и политички науки**<br>- Студии по дипломатија | |
| **Факултет за современи науки и технологии**<br>- Бизнис информатика[8] | 1000 € |
| **Факултет за јазици, култури и комуникација**<br>- Односи со јавност и маркетинг комуникација | 900 € |

---

[5] *Наставната програма ќе биде активна од моментот на акредитација.*

[6] *Наставната програма ќе биде активна од моментот на акредитација*

[7] *Студентите кои ќе студираат во Скопје еден ден во неделата ќе одржуваат предавања на Универзитетскиот кампус во Тетово*

[8] *Наставата ќе се одржи на англиски јазик*

- Во случај да се пријават помалку од 20 кандидати во студиската програма Универзитетот има право да не започне со соодветната студиска програма, а на пријавените кандидати ќе им понуди можност да се запишат на некоја друга студиска програма.

**VIII. Упис на студенти во *вториот циклус* на студии (последипломски) *трисеместрални студии*, според моделот 4+1 на факултетите на ЈИЕ Универзитетот во академската 2009/2010 година**

**б. *Студиски програми* во Тетово**

Трисеместрални студиски програми од вториот циклус на студии (последипломски студии) кои ќе се понудат во академската 2009/2010 год. на факултетите на ЈИЕ Универзитетот во Тетово се следни:

| Факултети | Цена на студии (по семестар) |
|---|---|
| Правен факултет<br>- Студии по кривично право<br>- Студии по граѓанско право | 900 € |
| **Факултет за бизнис администрација**<br>- Финансии<br>- Менаџмент<br>- Маркетинг | 1200 € |
| **Факултет за јавна администрација и политички науки**<br>-Компаративна јавна администрација на Европската унија<br>- Студии по дипломатија | 900 € |
| **Факултет за современи науки и технологии**<br>- Развој на софтвер и апликации [9] | 1200 € |
| **Факултет за јазици, култури и комуникација**<br>- Студии по англиски јазик - наставна насока<br>- Албански јазик и литература<br>- Водство и управување во образованието<br>- Медиумски стратегии | 900 € |

***Студиски програми* во Скопје[10]**

Трисеместрални студиски програми од вториот циклус на студии (последипломски студии) кои ќе се понудат во академската 2009/2010 год. на факултетите на ЈИЕ Универзитетот во Скопје се следни:

| Факултети | Цена на студии (по семестар) |
|---|---|
| **Правен факултет**<br>- Европско право и интеграции | 900 € |
| **Факултет за бизнис администрација**<br>- Маркетинг | 1200 € |
| **Факултет за јавна администрација и политички науки**<br>- Студии по дипломатија | 900 € |
| **Факултет за современи науки и технологии**<br>- Менаџирање со животната средина | 1200 € |

- Во случај да се пријават помалку од 20 кандидати во студиската програма Универзитетот има право да не започне со соодветната студиска програма, а на пријавените кандидати ќе им понуди можност да се запишат на некоја друга студиска програма.

[9] *Наставата ќе биде само на англиски јазик*

[10] *Студентите кои ќе студираат во Скопје, еден ден во неделата ќе следат настава во Универзитетскиот кампус во Тетово.*

**Познавање на јазиците**

Сите студиски програми и во двата конкурса за вториот циклус на последипломски студии (според двегодишниот и според трисеместралниот модел) се нудат на албански и на македонски јазик, освен обележените програми, кои ќе се нудат само на англиски или на француски јазик. Меѓутоа, Универзитетот има право да понуди дел од предавањата или од предметите на англиски јазик, затоа познавањето на албанскиот, македонскиот и на англискиот јазик е потребно, а познавањето на најмалку два од горенаведените јазици на академско ниво е неопходно.

Одговорноста за овој услов ја сноси самиот кандидат.

**Услови и критериуми за запишување на редовни студенти**

**1**. Право на запишување на последипломски студии според моделот 3+2 (двегодишен) имаат кандидатите, кои имаат универзитетска диплома од првиот циклус (нострифицирана)[11], или адекватна на тригодишни студии (180 ЕКТС-кредити) и четиригодишни студии (240 ЕКТС-кредити).

**2.** Право на запишување на последипломски студии според моделот 4+1 (трисеместрален) имаат кандидатите, кои имаат универзитетска диплома од првиот циклус (нострифицирана), или адекватна на четиригодишни студии (240 ЕКТС-кредити).

**3.** Предметите ќе бидат редовни и модуларни. Редовните предмети ќе се понудат секоја втора недела и тоа во четврток и во петок по 16:00, во сабота од 8:00 за да им одговараат и на вработените кандидати. Во однос на модуларните предмети (со професори од странство), предавањата ќе бидат интензивни.

**4.** Предност ќе имаат студентите со просек на оценки од првиот циклус на судии 8.00 или поголем.

**5.** Доколку во некоја од студиските програми нема да се пријават доволен број кандидати, во тој случај нема да се организира настава за истата програма.

## IX. Рокови за пријавување и запишување на студии од вториот циклус (последипломски) двегодишни според моделот 3+2 и 4+1

Пријавувањето на кандидатите со соодветна документација се врши од 15 јуни до 21 септември 2009 година.

Сите кандидати кои ги исполниле условите предвидени во Конкурсот имаат право да се пријавуваат.

[11] *Кандидатите кои дипломирале надвор од Р. Македонија, според Законот за високо образование се обврзани во рок од шест месеци да ја нострифицират дипломата во Министерството за образование на РМ. За евентуален негативен одговор или за недобивање одговор, на кандидатот ќе му се прекинат студиите без никаква одговорност од страна на ЈИЕУ.*